EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ПРВ ОДДЕЛ

# ОДЛУКА

Жалби бр. 14001/13 и 22883/14
Јулијана ЈОВАНОВСКА и други против Република Македонија и

Марина ЦВЕТАНОВСКА и други против Република Македонија

Европскиот Суд за Човекови (Прв Оддел), заседавајќи на 14 Ноември 2017 година во Совет составен од:

Aleš Pejchal, *Претседател,*
Krzysztof Wojtyczek,
Jovan Ilievski, *судии,*
и Renata Degener, *Заменик Секретар на Одделот,*

Имајќи ги предвид горните жалби поднесени на 8 Февруари 2013 година и 11 Март 2014 година соодветно,

Расправјаќи по истите одлучи како што следува:

## ФАКТИ

1. Листата на жалители е содржан во прилог. Сите жалители се македонски државјани кои живеат во Велес. Тие беа застапувани од Г-ѓа Д. Чакарова Грозданoвска, адвокат од Скопје.

**Околности на случајот**

2. Фактите на случајот, како што се поднесени од странките, може да се сумираат како што следува.

3. Во 1994 година друштвото Б. отпочнало граѓанска постапка за долг против друштвото Н. На 29 Септември 1998 година и во врска со стечајната постапка на друштвото Б., поранешните вработени

(“барателите”) од друго друштво кое било под стечај биле овластени да преземат дел од побарувањето на Б против друштвото Н, што изнесувало 1,466,143 македонски денари (MKD) (еквивалент на приближно 24,000 евра (EUR)). Оваа бројка вклучувала заостанати плати, неплатени социјални придонеси и судски трошоци. Преку поднесоци од 8 Јуни 1999 година, барателите ја продолжиле постапката на местото на друштвото Б. Како што било утврдено подоцна во постапката, имало 739 баратели вклучувајќи ги и жалителите. За време на постапката, барателите тврделе (но подоцна ја повлекле пресметката) дека секој индивидуално побарувал сума од MKD 1,960, (што е еднакво отприлика на EUR 32), од кои 1,080 македонски денари (отприлика 18 евра) претставувале вистински заостанати плати.

4. По три повторувања, на 14 Април 2011 година првостепениот Суд Велес ја прекинал постапката бидејќи друштвото Н. престанало да постои. На 19 Април 2012 година Апелациониот Суд Скопје ја потврдил оваа одлука.

5. Во врска со жалбата бр. 14001/13, со одлуки од 26 Јуни и 3 Декември 2012 година, и првостепените и второстепените совети на Врховниот суд го прифатиле барањето на барателите кои се жалеле на должината на постапката и им досудил 300,000 денари (приближно 4,880 евра) заеднички во однос на нематеријална штета. Слично во врска со жалбата бр. 22883/14, со одлуки од 7 Мај и 4 Јули 2013 година, двата степени на Врховниот Суд потврдиле дека имало повреда на правилото “разумно време” за жалителите, и им досудил 20,000 денари (приближно 320 евра) заеднички во однос на нематеријална штета.

## ЖАЛБИ

6. Жалителите се жалеле според Членот 6 § 1 од Конвенцијата за предолгото траење на процесната постапка и понатаму тврделе дека доделените износи од страна на Врховниот Суд биле премногу ниски.

## ПРАВО

7. Судот смета дека, во согласност со Правилото 42 § 1 од Правилата на Судот, жалбите чиј предмет е прекумерната должина на оспорената постапка – треба да се спојат, со оглед на нивната слична фактичка и правна основа.

8. Мора да се утврди дали жалбата на жалителите ги исполнува прелиминарните услови утврдени во Член 35 § 3 (б) од Конвенцијата, кој гласи како што следи:

> “3. Судот ќе ја прогласи за недопуштена секоја индивидуална жалба поднесена според Членот 34 доколку утврди дека:
>
> ...
>
> (б) подносителот не претрпел значителна штета, освен доколку почитувањето на човековите права како што се дефинирани во Конвенцијата или нејзините Протоколи бара разгледување на жалбата според основаноста и под услов да не може да се одбие случај врз основа на тоа што не бил соодветно разгледан од страна на домашен суд.

9. Заради овие причини, Судот ќе утврди дали: (i) подносителите претрпеле значителна штета; (ii) дали почитувањето на човековите права како што се дефинирани со Конвенцијата и нејзините Протоколи бара испитување на случајот во врска со основаноста; и (iii) дали случајот бил соодветно разгледан од домашен суд (види *Hudecova and Others v. Slovakia* (dec.), бр. 53807/09, § 24, 18 Декември 2012 година).

10. Во оваа смисла, Судот ќе забележи дека критериумот “значителна штета” се применува каде, независно од можна повреда на правото од чисто правна точка на гледање, степенот на штетата не гарантира разгледување од меѓународен суд (види *Adrian Mihai Ionescu v. Romania* (dec), бр. 36659/04, 1 Јуни 2010 година; *Korolev v. Russia* (dec.), бр. 25551/05, 1 Јули 2010 година; и *Gaftoniuc v. Romania* (dec.), бр. 30934/05, 22 Февруари 2011 година). Степенот на штетата мора да биде утврден во смисла на финансиското влијание на спорното прашање и важноста на случајот за жалителот (види *Burov v. Moldova* (dec.), бр. 38875/03, § 25, 14 Јуни 2011 година).

11. Конкретниот случај се однесува на граѓанска постапка во која 739 баратели, вклучувајќи ги и жалителите, барале исплата на долг во вкупен износ од 1,466,143 денари. Со оглед на бројот на баратели, произлегува дека износот на спорот за секој барател индивидуално изнесувал 1,980 денари (приближно 32 евра). Без оглед на финансиската состојба на секој жалител во време на постапката, Судот не смета дека сумата која секој жалител ја побарувал би имала значително влијание на нивниот приватен живот (види *ibid.*, § 27 и *Spasić v. Serbia* (dec.), no. 21477/13, 3 Февруари 2015 година).

12. Гаранцијата предвидена со Членот 35 § 3 (б) бара Судот секако да го испита случајот доколку тоа е потребно заради почитувањето на човековите права. Ова ќе се применува кога случајот покренува прашања од општ карактер што влијаат врз почитувањето на Конвенцијата, на пример, дали постои потреба да се разјасни обврската на одговорната држава според Конвенцијата или да се

поттикне тужената држава да го реши структурниот недостаток (види *Zwinkels v. the Netherlands* (dec.), бр. 16593/10, § 28, 9 Октомври 2012 година).

13. Судот забележува дека проблемот со прекумерната должина на постапката во тужената држава се разгледуваше во повеќе наврати во неговите пресуди (види, меѓу многу други власти, *Dumanovski v. the former Yugoslav Republic of Macedonia*, бр. 13898/02, 8 Декември 2005 година; *Nankov v. the former Yugoslav Republic of Macedonia*, бр. 26541/02, 29 Ноември 2007 година; *Savov and Others v. the former Yugoslav Republic of Macedonia*, бр.12582/03, 25 Септември 2008 година; и *Rizova v. the former Yugoslav Republic of Macedonia, бр. 41228/02,* 6 Јули 2006 година). Според тоа, испитувањето на конкретните жалби во поглед на основаноста нема да донесе нов елемент во постоечката судска пракса на Судот.

14. Според тоа, Судот заклучува дека почитувањето на човековите права, како што е дефинирано во Конвенцијата и нејзините Протоколи, не бара испитување на жалбите во поглед на основаноста.

15. Крајно, Членот 35 § 3 (б) не дозволува една жалба да биде одбиена по основ на "немање значителна штета" доколку случајот не бил соодветно разгледан од страна на домашниот суд. Целта на оваа одредба е да се гарантира дека секој случај ќе биде предмет на судско испитување, било на национално или Европско ниво (види *Korolev*, цитиран погоре).

16. Судот забележува дека Врховниот Суд ги испитал приговорите на жалителите за должината на постапката, донел правосилни одлуки со кои утврдил дека постоела повреда на правилото на "разумно време" и им доделил правичен надомест во однос на нематеријална штета. Според тоа, Судот е уверен дека конкретните жалби биле соодветно разгледани од домашен суд во согласност со значењето на Членот 35 § 3 (б) од Конвенцијата.

17. Со оглед на тоа дека трите услови на критериумот за недопуштеност биле исполнети, Судот наоѓа дека жалбите мора да се прогласат за недопуштени според Членот 35 §§ 3 (б) и 4 од Конвенцијата.

Заради овие причини, Судот, едногласно,

*Одлучи* да ги спои жалбите;

*Ги прогласува* жалбите за недопуштени.

Изготвено на Англиски јазик и објавено во писмена форма на 7 Декември 2017 година.

| | |
|---|---|
| Renata Degener | Aleš Pejchal |
| Заменик Секретар | Претседател |

## ПРИЛОГ

**Апликација бр. 14001/13**

1. Julijana JOVANOVSKA
2. Fatime ABDULOVSKA
3. Marijan ABRASHEV
4. Gorica ACESKA
5. Dimche ACKOV
6. Anica ACKOVA
7. Gazimfer ALIEVA
8. Bojka AMPOVA
9. Anica ANASTASOVA
10. Magda ANASTASOVA
11. Rahilka ANASTASOVA
12. Slavica ANASTASOVA
13. Ubavka ANASTASOVSKA
14. Rada ANASTOVSKA
15. Angja ANDONOSKA
16. Ivanka ANDONOVSKA
17. Roska ANDONOVSKA
18. Trajana ANDONOVSKA
19. Violeta ANDONOVSKA
20. Ana ANDOVA
21. Dragica ANDOVA
22. Lenche ANDOVA
23. Dragica ANDOVSKA
24. Elica ANDOVSKA
25. Ivanka ANDOVSKA
26. Rodna ANDOVSKA
27. Snezhana ANDOVSKA
28. Vaska ANDOVSKA
29. Violeta ANDOVSKA
30. Zorka ANDOVSKA
31. Gordana ANDREEVA
32. Lena ANDREEVSKA
33. Grozda ANEVA
34. Vesna ANGELKOVSKA
35. Stanka ANGELOVA
36. Violeta ANGELOVA

37. Blagica ANGELOVSKA
38. Ruzhica ANGELOVSKA
39. Blagojka ANGJELKOVA
40. Donka ANGJELOVA
41. Bisera APOSTOLOVSKA
42. Marika APOSTOLOVSKA
43. Sloboda APOSTOLOVSKA
44. Zora APOSTOLOVSKA
45. Boca ARSOVSKA
46. Ljiljana ARSOVSKA
47. Ljubica ARSOVSKA
48. Dajana ARTINOVA
49. Atidje ASANOVA
50. Ismeta ASANOVA
51. Sevinch ASANOVA
52. Nikolina ATANASOVA
53. Snezha ATANASOVA
54. Zorica ATANASOVA
55. Blagojka ATANASOVSKA
56. Cveta ATANASOVSKA
57. Cveta ATANASOVSKA
58. Nevenka ATANASOVSKA
59. Slobodanka ATANASOVSKA
60. Borche ATANASOVSKI
61. Nadezhda BABUNSKA
62. Maazes BEKIROVA
63. Nasuf BILALOVIKJ
64. Katerina BOBEVSKA
65. Desanka BOGDANOVSKA
66. Marionka BOGDANOVSKA
67. Gjurgja BOGOEVSKA
68. Ljiljana BOGOJESKA
69. Toni BOJKOVSKI
70. Vera BONDIKJOVA
71. Veselinka BOSILKOVA
72. Kostadinka BOZHINOVA
73. Stanika BOZHINOVSKA
74. Todorka BRANKOVIKJ
75. Ljubichka BRZAKOVSKA
76. Aleksandra BUKOVSKA
77. Nadezhda CHABOVSKA
78. Svetlinka CANEVA
79. Spaska CHAUSHOVSKA
80. Dragomirka CEBOVA
81. Vesna CHINGAROVA
82. Dushanka CHOREVA
83. Violeta CHUCHUKOSKA
84. Spasija CHOKOVA

85. Todora CVETKOVA
86. Vera CVETKOVA
87. Bogdana CVETKOVSKA
88. Marushka DAMJANOVSKA
89. Aneta DASKALOVA
90. Leman DAUDOVA
91. Izeta DAUTI
92. Snezhana DAVCHEVA
93. Velika DAVCHEVA
94. Stojanka DAVCHEVA
95. Makedonka DAVCHEVSKA
96. Liljana DAVCHEVA
97. Ratka DAVCHEVSKA
98. Mirjana DAVEVA
99. Rajna DELOVA
100. Gjulsefa DEMIROVA
101. Mukades DEMIROVA
102. Marika DIMCHEVSKA
103. Bisera DIMESKA
104. Dragica DIMITRIEVSKA
105. Ljiljana DIMITRIJEVSKA
106. Dobrinka DIMITROVA
107. Snezhana DIMITROVA
108. Cveta DIMKOVA
109. Vesna DIMKOVA
110. Pandorka DIMOSKA
111. Stojna DIMOSKA
112. Acka DIMOVA
113. Blagojka DIMOVA
114. Cveta DIMOVA
115. Dilbera DIMOVA
116. Elizabeta DIMOVA
117. Lila DIMOVA
118. Makedonka DIMOVA
119. Milka DIMOVA
120. Snezhana DIMOVA
121. Svetla DIMOVA
122. Zhivanka DIMOVA
123. Blaga DIMOVSKA
124. Danica DIMOVSKA
125. Ermenka DIMOVSKA
126. Gordana DIMOVSKA
127. Mica DIMOVSKA
128. Nikolina DIMOVSKA
129. Slavica DIMOVSKA
130. Snezhana DIMOVSKA
131. Stanka DIMOVSKA
132. Vera DIMOVSKA

133. Zora DIMOVSKA
134. Silvana DIOVA
135. Rodna DJAJKOVA
136. Jagodka DUKOSKA
137. Ristana ELENOVA
138. Igbal EMIN
139. Zura EMINOVA
140. Nadezhda FILIPOVA
141. Liljana FILIPOVSKA
142. Tasija GALEVSKA
143. Cvetanka GJORGJEVIKJ
144. Bosilka GJORGJIEVA
145. Gordana GJORGJIEVA
146. Vitora GJORGJIEVA
147. Gordana GJORGJIEVSKA
148. Jagotka GJORGJIEVSKA
149. Liljana GJOHEVA
150. Mitra GJUROVA
151. Slavica GJUROVSKA
152. Cena GOCHESKA
153. Pavlina GOCHEVA
154. Vaska GOGOVA
155. Pera GORGIEVA
156. Pavlina GJORGIEVSKA
157. Suzana GOSHEVA
158. Borjana HRISTOVA
159. Veselka HRISTOVA
160. Dobrica IGANATOSKA
161. Stojna IGEVSKA
162. Trajanka IGEVSKA
163. Nadica IGNATOVSKA
164. Lenche IGNOVA
165. Desanka IGNOVSKA
166. Slobodanka IGNOVSKA
167. Marika ILIEVA
168. Marijonka ILIJEVA
169. Desanka ILIJEVSKA
170. Grozda ILIJEVSKA
171. Jelica ILIJEVSKA
172. Liljjana ILKOVA
173. Venka ILKOVA
174. Milka ILKOVSKA
175. Violeta ILKOVSKA
176. Roza ISIJANOSKA
177. Gjulbear ISMAILOVA
178. Biljana IVANOVA
179. Dragica IVANOVA
180. Stojna IVANOVA

181. Cveta JAKOVLEVA
182. Cveta JANAKIEVA
183. Liljana JANEVA
184. Jasmina JANEVSKA
185. Menka JANEVSKA
186. Jagoda JANKOVSKA
187. Gordana JOLDASHEVA
188. Galaba JOLESKA
189. Ljiljanka JORDANOVA
190. Ljubenka JORDANOVA
191. Ljupka JORDANOVA
192. Rumena JORDANOVSKA
193. Todor JORDANOVSKI
194. Todorka JOSIFOVA
195. Zora JOSIFOVA
196. Ubavka JOSIFOVSKA
197. Menka JOVANOVA
198. Spasenka JOVANOVA
199. Velika JOVANOVA
200. Branka JOVANOVSKA
201. Magdalena JOVANOVSKA
202. Marija JOVANOVSKA
203. Radojka JOVANOVSKA
204. Slobotka JOVANOVSKA
205. Sunca JOVANOVSKA
206. Tatjana JOVANOVSKA
207. Ubavka JOVANOVSKA
208. Cveta JOVESKA
209. Blagica JOVEVSKA
210. Rajna JOVEVSKA
211. Snezhana JOVEVSKA
212. Grozda JOVIK
213. Vesna KACHUROVA
214. Menka KADJABANOVA
215. Sanda KALESHOVA
216. Lepa KAMCHEVA
217. Darinka KARAKOLEVA
218. Jagoda KICEVSKA
219. Sonja KJIMOVA
220. Mira KIMOVSKA
221. Violeta KIMOVSKA
222. Marina KITANOVA
223. Ljubka KITANOVSKA
224. Emine KJAMILOVA
225. Vesna KLINCHAROVA
226. Dragica KOCEVA
227. Mirjana KOCEVA
228. Petrana KOCEVA

229. Shekerinka KOCEVA
230. Angelina KOCEVSKA
231. Blagojka KOCEVSKA
232. Dobrinka KOCEVSKA
233. Silvana KOCHANOVSKA
234. Liljana KOCHOVSKA
235. Verka KONESKA
236. Bozhidarka KOSTADINOVSKA
237. Blagojka KOSTOVA
238. Marina KOSTOVA
239. Lenche KOSTOVSKA
240. Olga KOSTOVSKA
241. Talija KOTEVA
242. Gjurgja KRSTEVA
243. Pandorka KRSTEVA
244. Vasilina KRSTEVA
245. Lozenka KRSTEVSKA
246. Milica KRSTEVSKA
247. Zora KUZMANOSKA
248. Cvetanka KUZMANOVA
249. Menka LAPEVSKA
250. Suzana LAZARKOVA
251. Dragan LAZAROV
252. Anastasija LAZAROVSKA
253. Nada LAZAROVSKA
254. Olga LAZAROVSKA
255. Zlata LAZAROVSKA
256. Vesna LAZEVSKA
257. Jagoda LAZOSKA
258. Lenche LAZOVA
259. Nevena LAZOVA
260. Valentina LAZOVA
261. Zlata LEVKOVA
262. Timka LONDOVA
263. Vera MACHAVELOVA
264. Slavica MADJEVIKJ
265. Vesna MALEZANOVA
266. Dragica MANEVA
267. Ljiljana MANEVA
268. Marionka MANEVA
269. Snezhana MANEVA
270. Cveta MANEVSKA
271. Grozda MANEVSKA
272. Lenka MANEVSKA
273. Liljana MANEVSKA
274. Sonja MARKOSKA SHULESKA
275. Jordanka MARKOVA
276. Violeta MARKOVSKA

277. Feride MEHMEDOVA
278. Marika MICELINOVA
279. Cveta MIJOVA
280. Blagojka MILANOVA
281. Vidana MILANOVA
282. Zorka MILANOVSKA
283. Bojana MILENKOVA
284. Mena MILOSHEVSKA
285. Marija MIROVA
286. Marinka MIROVSKA
287. Blaga MITEVA
288. Nada MITEVA
289. Blaguna MITEVSKA
290. Vasilka MITEVSKA
291. Marica MITIKJ
292. Liljana MITREVA
293. Marija MITREVSKA
294. Velika MITREVSKA
295. Lenche MLADENOVSKA
296. Grozda NAJDOVSKA
297. Jagoda NAJDOVSKA
298. Mirjana NAJDOVSKA
299. Kaliopa NAKJINOVA
300. Ubavka NAKJVSKA
301. Ilvanka NAKOVA
302. Liljana NANEVA
303. Grozda NANOVA
304. Marija NASTOVA
305. Silvana NASTOVA
306. Pavlina NASTOVSKA
307. Ineska NAUMOVA
308. Svetlana NAUMOVA
309. Lilja NEDELKOVSKA
310. Ljiljana NEDELKOVSKA
311. Elica NEDEVSKA
312. Magda NESTOROVA
313. Slavica NESTOROVA
314. Gordana NESTOROVSKA
315. Ivka NICHEVSKA
316. Danica NIKOLOVA
317. Gordana NIKOLOVA
318. Marika NIKOLOVA
319. Slobotka NIKOLOVA
320. Vera NIKOLOVA
321. Ilinka NIKOLOVSKA
322. Ruska NIKOLOVSKA
323. Verka NIKOLOVSKA
324. Vesna NIKOLOVSKA

325. Mirjana OCEVA
326. Slavica OCEVA
327. Cveta ONCHEVA
328. Violetka ONCHEVSKA
329. Marijonka ORDEVA
330. Esma OSMANOVA
331. Tina PANOSKA
332. Desa PANOVA
333. Filimena PANOVA
334. Marija PANOVA
335. Snezhana PANOVA
336. Malinka PANOVSKA
337. Olivera PANOVSKA
338. Vasilka PANOVSKA
339. Velika PANOVSKA
340. Snezhana PAUNOVA
341. Efka PAVLOVA
342. Karolina PAVLOVSKA
343. Marija PAVLOVSKA
344. Miljanka PAVLOVSKA
345. Stojna PAVLOVSKA
346. Zvonko PAVLOVSKI
347. Canda PERKOVA
348. Violetka PEROVA
349. Katerina PEROVSKA
350. Mirjana PESHANKOVA
351. Gjurgja PESHOVA
352. Nikola PETKOV
353. Anka PETKOVSKA
354. Danica PETRESKA
355. Zhivka PETRESKA
356. Cveta PETROVA
357. Icana PETROVA
358. Rumenka PETROVA
359. Suzana PETROVA
360. Vera PETROVA
361. Cveta PETROVIKJ
362. Pandora PETROVSKA
363. Timka PETROVSKA
364. Dobrinka PETRUSHEVA
365. Vesna PETRUSHEVA
366. Altana PETRUSHEVA
367. Valentina PETRUSHEVA
368. Gjina PETRUSHEVSKA
369. Milica PETRUSHEVSKA
370. Pavlina PETRUSHEVSKA
371. Slavica PETRUSHEVSKA
372. Svetlanka POPANOVA

373. Vera POPOVA
374. Angjelina POPOVSKA
375. Silvana POPOVSKA
376. Jordanka PORECOVA
377. Elizabeta PRNAROVA
378. Violeta PUPULIEVA
379. Shterjo PUSHEV
380. Danica RADEVSKA
381. Sanija RAMADANOVSKA
382. Evka RISTESKA
383. Elica RISTOVA
384. Jana RISTOVA
385. Mileva RISTOVA
386. Suzana RISTOVA
387. Blagica RISTOVSKA
388. Nadica RISTOVSKA
389. Rodna RISTOVSKA
390. Rusimka RISTOVSKA
391. Slavica RISTOVSKA
392. Slavica RISTOVSKA
393. Stevka RISTOVSKA
394. Zora RISTOVSKA
395. Nada RIZOSKA
396. Bojanka SAMARAKOVA
397. Makedonka SAZDOVSKA
398. Slavica SAZDOVSKA
399. Slavica SEKULOSKA
400. Cveta SEKULOVA
401. Snezhana SEKULOVSKA
402. Lekpek SEMAN
403. Aleksandar SHIJAN
404. Marjonka SHKRTOVA
405. Liljana SHOLEVA
406. Donka SHOPOVA
407. Lenche SHTERIJOVA
408. Slavjanka SHURKOVA
409. Stojna SIMONOVA
410. Vasilka SIMONOVA
411. Angjelina SIMONOVSKA
412. Anica SLAVEVSKA
413. Lenche SLIVKOVA
414. Snezhana SMILEVA
415. Fidanka SOKOLOVA
416. Luiza SOKOLOVA
417. Slavica SOLEVA
418. Cveta SHONTEVSKA
419. Zinka SPASOVSKA
420. Rodna SREBRENOVSKA

421. Gordana STAJIKJ
422. Ilijana STAMKOVA
423. Mirjanka STANCHEVA
424. Cveta STANCHEVA
425. Leta STANKOVSKA
426. Vera STAVREVA
427. Safija STEFANOV
428. Slavica STEFANOVSKA
429. Slavica STEFANOVSKA
430. Suzana STEFANOVSKA
431. Snezhanka STERJOVA
432. Dosta STEVANOSKA
433. Grozda STEVANOVSKA
434. Snezhana STOEVSKA
435. Menka STOILKOVIKJ
436. Cvetanka STOJANOSKA
437. Dobrica STOJANOSKA
438. Zoran STOJANOV
439. Daniela STOJANOVA
440. Desa STOJANOVA
441. Milevka STOJANOVA
442. Snezana STOJANOVA
443. Snežana STOJANOVA
444. Vesna STOJANOVA
445. Marija STOJANOVSKA
446. Pena STOJANOVSKA
447. Velika STOJANOVSKA
448. Draga STOJKOVSKA
449. Jagoda STOJKOVSKA
450. Snezha STOJKOVSKA
451. Liljana STRAHINIKJ
452. Gjuliza SULIMANOVA
453. Tatjana SVEKJAROVA
454. Slobodanka TANEVA
455. Milka TASEVA
456. Gordana TASHEVA
457. Evica TASKOVA
458. Roza TASKOVSKA
459. Bistra TEMELKOVA
460. Rosa TEMELKOVA
461. Marijonka TEMELKOVSKA
462. Ljubica TEOVA
463. Zagorka TEOVSKA
464. Zorka TERZIEVSKA
465. Blagojka TOCINOVA
466. Lenche TOCINOVA
467. Biljana TODEVSKA
468. Petrana TODOROSKA

469. Evka TODOROVA
470. Kostadinka TODOROVA
471. Ljubica TODOROVA
472. Menka TODOROVA
473. Vojdena TODOROVA
474. Marjana TODOROVSKA
475. Mirjana TODOROVSKA
476. Violeta TODOROVSKA
477. Desanka TODOSOVSKA
478. Vera TOLESKA
479. Cvetanka TONEVA
480. Gorica TONEVSKA
481. Stanika TOSHEVA
482. Danica TOSHESKA
483. Snezhana TOSHEVSKA
484. Betka TRAJCHESKA
485. Violetka TRAJCHEVSKA
486. Menka TRAJKOVA
487. Nadka TRAJKOVA
488. Milka TRAJKOVSKA
489. Mirjana TRAJKOVSKA
490. Rosa TRAJKOVSKA
491. Slavica TRAJKOVSKA
492. Snezhana TRAJKOVSKA
493. Sofka TRAJKOVSKA
494. Trajanka TRAJKOVSKA
495. Venka TRAJKOVSKA
496. Trajanka TRENCHOVA
497. Mare TRENKOVSKA
498. Desanka TRIKIKJ
499. Biljana TRIMANOVA
500. Lila TRPKOSKA
501. Anastasija UNCHEVA
502. Gjulfida USEINOVA
503. Stana UTEVSKA
504. Mirka VASILEVA
505. Natka VASILEVA
506. Stefanka VASILEVA
507. Trajanka VASILEVA
508. Veselka VASILEVSKA
509. Lidija VELICHKOVA
510. Verka VELICHKOVA
511. Blagojka VELICHKOVSKA
512. Blaga VELINOVA
513. Katica VELJANOVA
514. Lozena VELJANOVSKA
515. Ljubenka VELKOVA
516. Petranka VELKOVA

517. Sonja VELKOVA
518. Rodna VELKOVSKA
519. Sava VELKOVSKA
520. Suzana VELKOVSKA
521. Zhivka VELKOVSKA
522. Slavica VIDOSKA
523. Mira VIDOVSKA
524. Ljubica VILAROVA
525. Liljana VLAHOVA
526. Lenche VOJDINOVSKA
527. Cveta ZDRAVESKA
528. Jagoda ZDRAVESKA
529. Dragica ZDRAVEVSKA
530. Zora ZDRAVEVSKA
531. Lenche ZDRAVKIN
532. Karolina ZDRAVKOVA
533. Ljubica ZDRAVKOVA
534. Ajrie ZEKJIROVA
535. Jagoda ZINZIROVSKA

**Апликација број 22883/14**

1. Marina CVETANOVSKA
2. Frosina ANASTASOVA
3. Lepa ANDREEVA
4. Liljana DINOVA
5. Violeta KODJABASHIEVA
6. Milka MARKOVA
7. Lilijana MILADINOVA
8. Mara MISHEVA
9. Slobotka NEDELKOVA
10. Vita OCEVSKA
11. Trajana PANOVA
12. Verka PANOVA
13. Slobodanka RISTOVA
14. Marika SLAVEVSKA
15. Bisera STOILOVSKA
16. Cveta STOJANOVA
17. Nada TOSHEVA
18. Liljana ZHABEVA